Република Северна Македонија
Општина Новаци

бр. 05-573/4
01.04 2025 год.

Врз основа на член 63 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/02 , а во врска со член 75 став 4 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр 24/2019 Сл весник на РСМ бр 87/2021 и Сл Весник на РСМ бр 14/2025) и врз основа на член 96 став 3 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр 07/2019) , Градоначалникот на општина Новаци донесе :

О Д Л У К А

За измена и дополнување на годишниот план за јавни набавки на општина Новаци за 2025 година (втора измена)

1. Врз основа на потребите на општина Новаци ,се дололнува Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци за 2025 година и тоа :

во I Договори и рамковни спогодби за јавна набавка на стоки –

Се додава :

- **Набавка на дрва за потребите на ООУ„Славко Лубарковски”**Новаци (групна набавка),очекуван старт на постапката месец јули , проценатa вредност на набавката 476,190.47 денари без ДДВ

во II Договори и рамковни спогодби за јавна набавка на услуги-

-Набавка на услуги за санација на објекти на територијата на општина Новаци - очекуван старт на постапката месец јули , проценатa вредност на набавката 3,389,830.50 денари без ДДВ

во III Договори и рамковни спогодби за јавна набавка на работи -

Се додава :

- **Реконструкција на коловоз на улица во с.Долно Агларци** ,очекуван старт на постапката месец јули , проценета вредност на набавката 3,119,322.88 денари без ДДВ.

- **Реконструкција на коловоз на улица во с.Добромири** ,очекуван старт на постапката месец јули , проценета вредност на набавката изнесува 2,826,428.81 без ДДВ.

- **Реконстркуција на улица и канал во Општина Новаци** очекуван старт на постапката месец јули , проценета вредност на набавката изнесува 2,186,172.88 без ДДВ

- **Ископ на бушотини за вода на територијата на општина Новаци ,** очекуван старт на постапката месец јули , проценета вредност на набавката 8,474,576.27 без ДДВ

- **Санација на раскрсница кај Стар Млин во с.Новаци** очекуван старт на постапката месец јули , проценета вредност на набавката 2.924.000,00 без ДДВ

2.Се задолжува лицето за јавни набавки да ја спроведе оваа Одлука

3.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение :

Општина Новаци има потреба од измена на планот за јавни набавки бидејќи на барање на училиштето кое се наоѓа на оваа територија да се спроведе оваа набавка поради немањето на стручен кадар кој ќе ја спроведе набавката , општинската администрација ќе ја спроведе набавката на дрва за договор за групна набавка . Во изминатиот период стигнаа доста барања за санација на објекти кои се наоѓаат на територијата на општината во смисла на изведба на молерофарбарски услуги на повеќе објекти на територијата на општината и за таа цел во овој дел ќе се изврши измена на планот .

Што се однесува во делот на имената на работи од Бирото за регионален развој се одобрени овие проекти за реализација во 2025 година.Во моментот на изработката на првичниот план овие улици не беа планирани бидејќи не се знаеше дали проектите ќе бидат одобрени и средства обезбедени од БРР. Согласно дадената согласност од МЖСПП општина Новаци ќе изврши ископ на бушотини за вода на нејзината територија со цел да се обезбеди вода до посевите на локалното население ,исто така на барање на локалното население во с.Новаци треба да се изврши санација на раскрницата кај стариот млин во с.Новаци , оваа набавка ќе се спроведе во текот на оваа година.

Изработил : Филип Радевски
Советник за јавни набавки

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија • Општина Новаци • Новаци •